

**Николоски: Македонија обоена во црвено, победа на ВМРО-ДПМНЕ во првиот круг во 33 општини, ДУИ е декласиран, оставка за Венко**

ВМРО-ДПМНЕ ја има убедливо најголемата победа на локални избори до сега, било кога видена во Македонија, ова е историја и резултатот кој што го направивме вчера е навистина историски, сакам да честитам на сите победници во првиот круг и на оние коишто влегуваат како победници и во вториот круг.

Да се заблагодарам на сите коишто гласаа вчера и ја дадоа поддршката на ВМРО-ДПМНЕ и на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, тоа многу значи, тоа е огромен мотив за работа да продолжиме со силна работа во рамки на Владата но исто така и во општините, а онаму каде што прв пат имаме градоначалници да покажеме зошто тие градоначалници се вистинскиот избор.

Ова е историски резултат и затоа што е за 50% подобар од резултатот кој го имавме во

2021 година, кога во 22 општини добивме градоначалник во првиот круг.

Добивме градоначалници и во места кои до вчера беа условно кажано предводени од СДСМ, односно во коишто бевме опозиција. Убедливо во првиот круг победивме во бастионот на СДСМ, Струмица.

Во Струмица ВМРО-ДПМНЕ ќе има градоначалник после 20 години. И не само тоа туку ќе имаме и мнозинство во Советот и разликата е толку голема што е нешто што е досега невидено на избори во Струмица.

Во првиот круг победивме и во Делчево, Берово, Старо Нагоричане, каде исто така СДСМ имаше градоначалници, а водиме и ќе победиме во вториот круг во Валандово, Демир Капија, Дојран  каде што нашите кандидати водат и ќе победат во вториот круг.

Скопје гласаше за Орце Ѓорѓиевски, каде е јасно уште во првиот круг што Скопје сака. Орце води повеќе од 3:1 кон второпласираниот кандидат, повеќе од 3:1 е јасно позиционирање и јасен став на Скопје, што Скопје сака и дека Орце Ѓорѓиевски е изборот и во вториот круг ќе ја зацементираме оваа  голема победа.

Она што е карактеристично е дека СДСМ во Скопје е петта политичка партија, не втора, не трета, не четврта, СДСМ во Скопје е петта политичка партија, што јасно ја покажува волјата на граѓаните и јасната доминација на ВМРО-ДПМНЕ во Скопје.

Нашите кандидати Дејан Митески и Сотир Лукровски, убедливо победија во Аеродром и Карпош и се апсолутни фаворити за победа во вториот круг, очекуваме и таму големи победи во вториот круг и во Аеродром и во Карпош.


9
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ КОАЛИЦИЈА
33 ОСВОЕНИ МАНДАТИ ВО ПРВ КРУГ
ВО 19 ОПШТИНИ + СКОПЈЕ ВО ВОДСТВО ПО ПРВ КРУГ
СДСМ КОАЛИЦИЈА
3 ОСВОЕНИ МАНДАТИ ВО ПРВ КРУГ
ВО 5 ОПШТИНИ ВО ВОДСТВО ПО ПРВ КРУГ
ВЛЕН КОАЛИЦИЈА
5 ОСВОЕНИ МАНДАТИ ВО ПРВ КРУГ
ВО 4 ОПШТИНИ ВО ВОДСТВО ПО ПРВ КРУГ
ДУИ КОАЛИЦИЈА
3 ОСВОЕНИ МАНДАТИ ВО ПРВ КРУГ
ВО 0 ОПШТИНИ ВО ВОДСТВО ПО ПРВ КРУГ
ДРУГИ
ПРЕГЛАСУВАЊЕ ВО 4 ОПШТИНИ ЗАРАДИ ЦЕНЗУС
ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025
РЕЗУЛТАТИ ОД ПРВ КРУГ НА ГЛАСАЊЕ
ГРАДОНАЧАЛНИК
ВМРО-ДПМНЕ
СКОПЈЕ
ЈЕГУНОВЦЕ
ТЕАРЦЕ
ТЕТОВО
БОГОВИЊЕ
ЖЕЛИНО
САРАЈ
ВРАПЧИШТЕ
БРВЕНИЦА
ГОСТИВАР
МАВРОВО И РОСТУШЕ
МАКЕДОНСКИ БРОД
КИЧЕВО
ДЕБАР
ЦЕНТАР ЖУПА
СТРУГА
ВЕВЧАНИ
ДЕБРЦА
ОХРИД
РЕСЕН
БИТОЛА
НОВАЦИ
МОГИЛА
ДЕМИР ХИСАР
ПЛАСНИЦА
КРУШЕВО
КРИВОГАШТАНИ
ДОЛНЕНИ
ПРИЛЕП
ЧАШКА
КАВАДАРЦИ
ЧУЧЕР-САНДЕВО
ЛИПКОВО
КУМАНОВО
СТАРО НАГОРИЧАНЕ
РАНКОВЦЕ
КРИВА ПАЛАНКА
КРАТОВО
ПРОБИШТИП
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
КОЧАНИ
ДЕЛЧЕВО
ПЕХЧЕВО
ВИНИЦА
ЗРНОВЦИ
ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
КАРБИНЦИ
СВЕТИ НИКОЛЕ
ПЕТРОВЕЦ
ИЛИНДЕН
АРАЧИНОВО
КАРПОШ
СОПИШТЕ
СТУДЕНИЧАНИ
ЗЕЛЕНИКОВО
ВЕЛЕС
ЛОЗОВО
ШТИП
РАДОВИШ
БЕРОВО
ГРАДСКО
РОСОМАН
НЕГОТИНО
КОНЧЕ
ВАСИЛЕВО
БОСИЛОВО
НОВО СЕЛО
СТРУМИЦА
ДЕМИР КАПИЈА
ВАЛАНДОВО
ДОЈРАН
БОГДАНЦИ
ГЕВГЕЛИЈА